РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 01-635
27.12. 2024 год.
Битола

**Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР -БИТОЛА**

# П Л А Н

## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО

## НУ Народен театар Битола

Битола, 2024 година

**П Л А Н**
**ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО**
**НУ Народен Театар Битола**

## 1. ДЕЈНОСТ

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл. весник на РМ" бр. 59/2000), Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 196/2007 од 16 јануари 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2008.), Законот за заштита и спасување ("Сл. весник на РМ" бр. 36/2004), Законот за одбрана ("Сл. весник на РМ" бр. 42/2001), и подзаконските акти кои поконкретно ги уредуваат и дефинираат овие прашања за заштита и спасување на вработените, лицата затекнати кај нив и материјалните добра, како и одстранување на последиците од кризни состојби од природни непогоди, епидемии, други несреќи во мир и во војна и од воени дејства.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

НУ Народен театар Битола согласно Правилникот за внатрешна организација и работа и Правилникот за систематизација на работните места, е составен од:

*I. Сектор за правни, административни и општи работи*

1. Одделение за правни, административни и општи работи и управување со човечки ресурси;

2. Одделение за материјално и финансиско работење

3. Одделение за ИТ системи, инженерски и технички работи

*II. Служба – уметнички и соработнички кадар*

1. Категорија А, Уметници

2. Категорија Б, Уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела

3. Категорија Г, Стручни работници во дејности од областа на културата

*III. Помошно-техничка сужба*

**3. МАКРОЛОКАЦИЈА**

НУ Народен театар-Битола е сместен во заеднички објект со НУ Центар за култура Битола, лоциран на ул. Широк Сокак бр.60 во Битола.

Овој комплекс од објекти формира четириаголник од улиците Широк Сокак, Виенска, Петре Митричевски и Кирил и Методиј.

Главниот влез се наоѓа во непосредна близина до ОУ „Гоце Делчев“ Битола.

**4. МИКРОЛОКАЦИЈА**

Објектот на НУ Народен театар-Битола се граничи на исток со Градтски паркинг простор, на запад со училишен двор на ОУ „Гоце Делчев“ Битола и на север со улицата Виенска.

Главниот или работен влез е од северната страна, додека влезот за прием на публика се наоѓа од југо-источната страна со поглед на хотел „Епинал“ Битола.

Урбанистичкото решение на објектот, неговите архитектонско-градежни параметри, пристапни асфалтирани патеки, тревните површини што го опкружуваат и сопственото паркиралиште, како и карактерот на работите што се обавуваат во него, се дел од заедничката целина со останатите објекти во овој комплекс, т.н. објекти од јавен интерес.

## 5. АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖНИ КАРАКТЕРИСТИКИ (ПАРАМЕТРИ)

Објектот на НУ Народен театар-Битола во целина со НУ Центар за култура-Битола претставува една градежна целина, кои се градежно и функционално поврзани и делуваат како една целина.

Имајќи го предвид бројот на катовите, објектот се вбројува во објекти со средна височина.

Карактеристични височини на двата дела се:

Во работните простории, гледано од главниот влез, подот на приземјето е подигнат од нивото на теренот за 30 см, и таа висина е земена како кота $\pm$ 0,00 м. Вкупна висина на објектот е 20 м.

Фасадата на работните простории е боени бетонски ѕидови, додека нејзината покривна конструкција ја сочинува равен кров, изграден од железна решетка како носечки дел и пластифициран лим како покривен дел.

Интерното решение и обработка на просториите во овој дел од објектот се:

Влезната партија од приземјето е изработена од мермерни плочи.

Ѕидовите се од печена тула, премачкани или врзани со варов малтер.

Работните простории (канцеларии) се опремени со дрвени плакари, а подовите се од терацо врз кој е послан теписон низ целата просторија.

Ходничниот и скалишен простор е обложен со мермерни плочи. Гелендерите на скалилата се направени од метал, широчината на главното скалило во фоајето изнесува 2,0 м, а на спратовите и административниот влез изнесува 1.5 м..

Вратите на работните простории се од фурнирано дрво, а вратите на главниот влез и ветробранскиот простор се изработени од метал и стакло.

Преку главниот влез за публика долното фоаје се излегува на горното ниво, каде има два влеза во театарската сала.

Сцената е со висина од 18.0 м.и сцена од 21.0 м. На истото ниво се наоѓа мала сцена и депо за декор со шибер железен врата - технички влез.

На трите етажни нивоа постојат гримиорни,, мокри чворови, простории за чистачки, фризерај, гардероба, шивална, реквизита, репетициона сала, помошни простоии, фоаје за актери.

Сутеренот содржи технички магацини, котлара, сликарница, две мали театарски сали и клуб-бифе.

Целиот објект е изграден како бетонска конструкција на растер од столбови.. Дограмата е алуминиумска, а подовите главно се изработени од терацо плочи.

Објектот се затоплува со EL1 , а салите се климатизирани.

Сцената содржи и противпожарна завеса, а евакуација е овозможена преку големи четворокрилни врати.

Сите простории содржат противпожарна дојава, а на етажите постојат хидранти за против пожарна заштита.

## 6. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ ВО ОБЈЕКТОТ И ВИДОВИТЕ ИНСТАЛАЦИИ И УРЕДИ

Театарската зграда или работните простории во градежен и функционален поглед се состојат од подрумски простории кои се наменети за магацини, котлара и театарски сали (2).

Состојбите со инсталациите во овој дел се следните:

- изведена е инсталација за автоматска дојава и сигнализација на пожар;

- вградено е панично светло во ходничниот дел како резервно светло во случај на прекинување на напојувањето со електрична енергија;

- во овие простори проаѓаат главните водоводни и канализациони инсталации кои вршат снабдување со вода за санитарните чворови, како и за одвод на фекалната вода.

Во котларата е сместеа, потстаницата, односно главните доводи и одводи на топлинска енергија, вентилите за регулирање на топлата вода, како и пумпите за качување на топлата вода по катовите, резервоар за ЕЛ1 се сместени во самиот двор.

Во магацинскиот простор нема водоводни и канализациони инсталации.

Во приземјето на работните простории се наоѓаат:

- влезниот хол;
- канцеларија на директорот;
- канцеларија на Раководителот на сектор за правни, административни и општи работи;
- канцеларија на техн.секретар
- канцеларија на организацијата;
- сметководство;
- економат;

- портирница со просторија во која се наоѓаат телефонската централа, и централите за дојава на пожар и

- санитарни чворови.

Во приземјето се вградени следните инсталациони уреди:

Во ходничниот дел и работните простории се инсталирани детектори за дојава на пожар и хидранти за гасење пожар.

Ходничните простории содржат панични светилки.

Инсталациите за парно греење и каналицационите одводи се монтирани на стандарден начин, односно грејните тела се видливи во ходничните простори.

На I-иот кат се сместени: управата со кабинетите на директорот, раководителите на секторите и одделенијата, дел на библиотечниот фонд и дел од санитарните чворови.

И на овој кат е целосно репарирана електричната инсталација и се монтирани системите за дојава на пожар, како и инсталации за парно греење, вода, канализација и 2 хидранта за гасење пожар.

Просториите на II-иот и III-иот кат се наменети за гримиорни и санитарни чворови, а содржат идентични електрични, канализациони и инсталации за парно греење, како и уреди за дојава на пожар, панично светло и хидранти.

Во ходничните простори на приземјето, I-виот, II-иот и III-иот кат се наоѓаат катни разводни табли со автоматски бушони и склопки сместени во метални кутии изработени од декапиран лим.

Депото се состои од: подрум или трезорски простории, просторија за котлара , приземје, високо приземје и 3 ката.

Во магацинските простории постојат инсталации за електрична енергија, дојава на пожар и инсталации за довод на топол и ладен воздух, панично светло.

Сите инсталации се монтирани на шелни на ѕидните или плафонските површини.

Вклучувањето и исклучувањето на електричната енергија се врши преку командна табла, кој е монтиран надвор од магацините во ходничниот дел.

Громобранската инсталација на објектот е класично изведена во вид на метален кафез со метални траки.

## 7. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА НУ НАРОДЕН ТЕАТАР-БИТОЛА

НУ Народен театар-Битола, вршејќи ја својата функција во услови на мир или војна може да биде доведен во опасност од повеќе видови на загрозување, кои според одредени карактеристики можеме да ги подведеме во две групи.

Првата група претставуваат т.н. "надворешни фактори" или загрозувања што можат да настанат во непосредна близина на објектот , во останатиот дел од градот Битола или пошироко, а кои можат да предизвикаат штетни последици по објектот како градежна целина, сите видови на инсталации, архивската граѓа, средствата и опремата за работа и вработените во него.

Втората група или "внатрешни фактори" се загрозувањата што можат да настанат во самиот објект во процесите на непосредното извршување на работите или надвор од нив, како последица на неисправни инсталации, средства и опрема за работа, неодговорно однесување на вработените, гледачите и сл., а кои исто така можат да бидат предизвикувачи на штетни последици по просторот и инсталациите, архивската граѓа, средствата и опремата за работа, а во одредени случаи и по вработените.

*Во "надворешни фактори"* ги вбројуваме природните непогоди, како што се земјотресите со поголем интензитет и времетраење, поплавите, луњите и други атмосферски непогоди, епидемиите и сл.

Во оваа група припаѓаат и несреќите што можат да настанат во соседните објекти на патните комуникации со кои Театарот е сообраќајно

поврзан, индустриските несреќи во градот и сл., како и опасностите и загрозувањата од воени дејства при евентуална агресија на нашата земја.

Земјотресите и луњите, а особено првите, со нивната разурнувачка моќ во времето на дејствување можат да предизвикаат директни оштетувања на објектот како градежна целина, инсталациите, архивската граѓа, средствата и опремата за работа во него, како и повредени или загинати меѓу вработените и гледачите на претстава.

Со оглед на фактот што Балканскиот полуостров, а со тоа и Република Македонија е трусно подрачје, а имајќи го предвид и претходни искуства на градот, на овој природен феномен треба да му се обрне поголемо внимание и третман, особено во планирањето на мерки и постапки за превенција, заштита и спасување.

Како што е претходно нагласено, земјотресите можат да предизвикаат:

- уривање на дел од работните простории во Театарот- канцеларии И гледалиште односно сцена, додека во магацините со оглед на неговата градба, оваа опасност е сведена на минимум и цениме дека ќе нема битни последици;

- хаварии на електричните инсталации, а оттаму и можни појави на пожари. И овој пат штетите во поголема мера ќе ги има во работните простории, додека во магацините и од оваа опасност е речиси безбедно;

- појава на поплави како последица од оштетување на водоводните, канализационите и инсталациите за парно греење, во кои може да се оштетат работните простории, а и магацинскиот простор;

- Поплавите што настануваат како последица на долготрајни и обилни врнежи, исто така можат да го загрозат делот - работни простории на објектот, а и во магацините односно подрумските простории,

- Ветровите што настануваат поради енормното движење на воздушните маси, може исто така да предизвикаат штетни последици во поголем обем на покривот на објектот, делот - работни простории, а малку или речиси минорно на делот - магацини, бидејќи во таму силината на ударот на воздушната маса ќе ја примат надворешните армирано-бетонски

површини - Од несреќите што можат да настанат во соседните објекти, а кои можат да го доведат во опасност се пожарите и поплавите кои би се појавиле во нив.

Во првата претпоставка, може да настане пренесување на огнот на дрвјата во зелените површини, особено од оној дел каде што се наоѓаат хотелот "Епинал" во Битола и ОУ "Гоце Делчев" Битола и од тоа да биде опожарен самиот објект.

Последици по Театарот од поплавените соседни згради може да се јават во подрумските или приземните простории со продирање на водата во овие простори.

- Сообраќајни несреќи што можат да се случат на непосредните патни сообраќајници кои го поврзуваат објектот на Театарот, се судирите на возила што носат експлозивни и запаливи средства, кои во мигот на несреќата, со детонација или загадување на воздухот можат да го доведат во опасност објектот на Театарот, архивската граѓа, средствата и опремата за работа, вработените и гледачите. Работните простории ќе бидат доведени во поголема опасност како во поглед на детонациите, односно експлозиите, така и во поглед на воздушното загадување заради составот на градбата на објектот и концентрацијата на вработените во него.

Појавите на епидемии, пандемии и сл. можат да доведат до заболувања, а во одредени случаи и до смртност меѓу вработените како и до болести на растителниот свет што го опкружува објектот.

*Втората група или т.н. "внатрешни фактори"* се загрозувања предизвикани при непосредното извршување на задачите на вработените во објектот на Театарот, а кои се манифестираат преку недисциплинирано однесување, непочитување на нормативите и стандардите за одржување на средствата и опремата за работа, мерките и постапките за безбедност, превенција, заштита и сл., па оттаму, во Театарот можат да се појават пожари и поплави.

- Појавите на пожари би се должеле на употреба на недозволени или неисправни електро-апарати, уреди и други електрични потрошувачи, поради

невнимание при работењето со запаливи хемиски средства, неизгаснати догорчиња од цигари и сл.

Пожарите се потенцијални опасности и загрозувачи поради специфичната карактеристика на материјалот од кој е изградена внатрешноста на објектот, која што спаѓа во категоријата на мошне лесно запаливи материјали, но не помалку и оплеменетата иверица со која како ламперија се обложени ѕидовите и таваниците на салите за состаноци, теписони во гледалиштето и во сите работни простории, гримиорни и други простории, од кој материјал се изработени и вградени плакари и шибер маски за сместување и чување на архивска граѓа во сите работни простории, во кои пак на подовите се послани теписони. Сите овие материјали во спрега со репроматеријалите кои се користат во работата се основни елементи за анализа и пресметување на пожарното оптоварување во објектот.

Според тоа, а врз основа на пресметаното пожарно оптоварување може да се констатира дека во објектот како градежна целина ги има трите вида на пожарно оптоварување и тоа: *ниско, средно и високо.*

Во делот административни или работни простории се карактеризираат со средно пожарно оптоварување, додека другиот простор во овој дел од објектот има ниско пожарно оптоварување.

Депото како магацин во кое се чува и заштитува енормно количество на сценски декор и фундус на костими спаѓа во објекти со високо пожарно оптоварување.

- Поплави во поголеми размери може да настанат поради небрежност на човечкиот фацтор (вработени или гледачи) или дефекти на водоводната, канализационата или инсталацијата за парно греење во подрумскиот дел заради местоположбата во која се наоѓаат главните доводи на вода и потстаницата за парно греење. Во тој случај поголеми штети би претрпеле магацините за декор И фундусот за ;ување на гардеробата.

- При агресија на Република Македонија, НУ Народен театар-Битола ќе биде од посебен интерес за непријателот кој ќе настојува да ја оштети,

уништи или заплени опремата и средствата за работа, а вработените да ги придобие за колаборација.

Непријателските активности ќе се одвиваат преку терористичко-диверзантски и саботажни акции и удари на авио-ракетни и артилериско-оклопни единици, како и со употреба на жива сила. Акциите на непријателот ќе предизвикаат разурнувања, пожари и поплави, кои пак од своја страна ќе предизвикаат штети на објектот, архивската граѓа, средствата и опремата за работа и загуби меѓу вработените и/или гледачите доколку истата се случИ за време на прикаЃување на театарска претстава (повредени или загинати).

Со цел, последиците од сите видови загрозувања да се избегнат или сведат на минимум, НУ Народен театар-Битола, планира и ги презема следните мерки и постапки за превенција, заштита и спасување:

- валоризација и категоризација на архивската граѓа;
- микрофилмување на архивската граѓа;
- автоматска обработка на архивската граѓа;
- чување минимум архивска граѓа во делот - работни простории;
- редовно одржување на средствата и опремата за работа;
- редовно одржување на сите видови инсталации;
- редовно сервисирање и одржување на системите, средствата и опремата за заштита и спасување;
- обука на вработените за заштита и спасување и вежбовни активности;
- дислокација на еден примерок од микрофилмуваната и автоматски (компјутерски) обработена архивска граѓа во мирновременски услови;
- евакуација на архивската граѓа од I-ва категорија во воена состојба;
- дислокација на НУ Народен театар-Битола на резервна локација во воена состојба;
- прва медицинска помош;
- РХБ заштита;

- заштита и спасување од поплави;

- заштита и спасување од пожари;

- заштита и спасување од урнатини;

- засолнување;

-евакуација и згрижување на НУ Народен театар-Битола (архивската граѓа, средствата и опремата за работа и вработените).

Од исто значење е и мерката - **евакуација** на тајна локација и објект надвор од градот во кој ќе се чува и заштитува од воените дејства, а по престанок на војната ќе се врати во објектот.

Конкретно елаборирање и прецизно дефинирање на процесите и параметрите на дислоцирањето, односно дисперзирањето, како и дислокацијата на НУ Народен театар-Битола на резервна локација, се прикажани во Планот за функционирање на НУ Народен театар-Битола во воена состојба.

За мерката - евакуација на НУ Народен театар-Битола ( средствата и опремата за работа и вработените) т.н. "навремена евакуација" или евакуација пред отпочнување на опасностите (доколку истите можат да се предвидат), треба да се обезбеди резервен објект на локација која се предвидува да не биде опфатена со загрозување. Во спроведувањето на оваа активност, покрај вработените во НУ Народен театар-Битола, ќе земат учество и надворешно-ангажирани лица.

Во т.н. "дополнителна евакуација" на НУ Народен театар-Битола односно по појавата или за времетраење на дејствата на загрозување, цениме дека ќе бидат опфатени претходно наведените - ________________________________ . Меѓутоа, ако се знае дека сегашниот објект на НУ Народен театар-Битола е асеизмички граден, а делот - магацини е со многу голема отпорност на динамички удари, нашата процена е во доволна мера реална.

Мерката **засолнување** содржи планирање, подготвување и непосредно спроведување на засолнувањето.

Во рамките на планирањето се вршат следните работи:

- се утврдуваат потребите од засолнишни места и средства и опрема која би била во функција за спроведување на засолнувањето;

- утврдување на начин и постапка за спроведување на засолнувањето;

- програмирање на обука за спроведување на засолнувањето и вежбовни активности на тој план.

Во подготвителниот период се обавуваат следните работи:

- се опремува засолништето со средства и опрема за засолнување и престој во него за време на опасноста;

- се адаптира дополнителен престој за засолнување;

- се организира обука за спроведување на засолнувањето и вежбовни активности за брзо и ефикасно засолнување.

Во непосредното засолнување се вршат следните задачи:

- се организира навремено, планско и ефикасно засолнување;

- се организира редот и дисциплината во засолнишните простори, а по престанокот на опасноста се организира брзо и дисциплинирано напуштање на засолништето.

Имајќи го предвид бројот на вработените и просечниот број на посетители, т.е. надворешни лица, кои за време на можна опасност службено или приватно би престојувале во НУ Народен театар-Битола, засолнишниот простор треба да изнесува 100 $м^2$.

Во НУ Народен театар-Битола магацинскиот простор ќе се намени за засолнишен простор во кој ќе се засолнат останатите работници и надворешни лица.

Мерката **Заштита и спасување од пожари** опфаќа планирање, подготовка и непосредно спроведување на активностите при гасењето на пожарите.

За време на планирањето се вршат следните работи:

- се планираат мерки и активности за отстранување на сите опасности кои можат да доведат до појави на пожари;

- се утврдуваат потребите од средства и опрема за дојава на пожари, и друга опрема за рачно гасење на пожари;

- се воведува директна телефонска линија со противпожарната бригада на градот Битола;

- се планира обука и вежбовни активности за гасење на пожарите.

Во подготвителниот период за спроведување на гасењето на пожари се вршат следните работи:

- се набавуваат средства и опрема за детекција и непосредно гасење на пожари;

- се организира обука и увежбување на постапките за гасење на пожари;

- се врши редовна контрола и сервисирање на средствата и опремата за гасење на пожари и на средствата и опремата за работа како и на електро и други инсталации.

Во непосредното спроведување на мерката се применува оперативна постапка за гасење почетни или мали пожари и спасување на архивската граѓа и средствата и опремата за работа, како и интервенцијата на градската ПП бригада, доколку пожарот ескалира и НУ Народен театар-Битола не е во состојба самостојно да го локализира, односно изгаси.

Мерката **Прва медицинска помош** содржи планирање, подготвување и непосредно давање прва медицинска помош.

Во планирањето на првата медицинска помош се врши следното:

- се утврдуваат потреби од просторија и средства и опрема за давање прва медицинска помош;

- се планира обука и вежбовни активности за давање прва медицинска помош.

Во подготовките се врши следното:

- набавка на средства и опрема за давање прва медицинска помош;

- се организира обука за давање прва медицинска помош;

- се врши увежбување на непосредното спроведување на оваа мерка.

Во непосредното спроведување на првата медицинска помош се вршат следните работи:

- се пренесува повредениот во просторијата во која ќе му се даде помошта и ќе се обави медицинската интервенција, или пак помошта се дава на местото каде работникот е повреден, односно ранет, а според можностите се организира и транспортирање на повредените работници до здравствениот дом или друга здравствена установа, односно собирен пункт.

Во мерката **<u>Заштита и спасување од урнатини</u>** се врши планирање за набавка на средства и опрема, се набавува опремата, се врши нејзино редовно контролирање, одржување и дополнување со нова.

Се утврдува оперативна постапка за спасување од мали урнатини особено на вработените до кои може да се пристапи, без да се загрози животот на работниците кои го вршат спасувањето.

Се организира обука и вежби за заштита и спасување од урнатини, а во дадена ситуација се пристапува кон спасување на затрупани вработени, архивска граѓа и средства и опрема од урнатините.

Во непосредното спасување од урнатини се применува оперативната постапка за спасување на вработените, архивската граѓа и средствата и опремата за работа од плитки урнатини, а по потреба се дава и прва медицинска помош.

Во рамките на мерката **<u>РХБ заштита</u>** која може да биде лична и колективна, се врши: планирање, подготовка и непосредно спроведување на РХБ заштита.

Во планирањето се врши утврдување на минимумот средства и опрема за ваков вид интервенции и утврдување на потребата од обука на вработените за спроведување на мерката.

Во подготовките се врши набавка на опрема и средства за РХБ заштита се организира и реализира обука, а во одредени временски интервали се вршат вежби за примена на РХБ заштита.

Во спроведувањето на непосредната РХБ заштита се организира брза и навремена употреба на средствата и опремата за спречување на

контаминацијата на вработените, а во рамките на можностите и помали деконтаминирачки зафати.

Мерката **Заштита и спасување од поплави** содржи планирање, подготвување и непосредна заштита и спасување од поплави.

Во планирањето се утврдува постапката и се планира опремата за заштита и спасување од поплави.

Во подготвувањето се врши набавка на опремата за заштита и спасување од поплави, пред се на средства за спречување на продор на водата и нејзино отстранување од поплавените простории.

Во непосредната заштита се пристапува кон употребата на средствата и опремата за заштита од поплави и кон редовно следење на состојбите во врска со можна понатамошна опасност од поплави.

Реализацијата на мерките и постапките за заштита и спасување во НУ Народен театар-Битола, ќе ги спроведува единицата за заштита и спасување и сите вработени кои преку обука и вежбовни активности ќе стекнуваат знаење или ќе го обноват веќе здобиеното, а по потреба може да земат учество и во активностите на овој план кои ќе бидат организирани од страна на субјектите за заштита и спасување на градот, односно во органите на државната управа.

Имајќи ќи предвид стандардите и нормативите за опремување на НУ Народен театар-Битола со средства и опрема за спроведување на мерките за заштита и спасување, како и цените на нивното чинење, за набавка на истите се потребни значителни финансиски средства кои НУ Народен театар-Битола планира да ги обезбеди сукцесивно во текот на неколку години, а во рамките на можни заштеди при реализирањето на годишните програми за работа, бидејќи многу години наназад па сé до денес, за овие намени НУ Народен театар-Битола нема добиено финансиски средства од Министерството за финансии.

## 8. ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Организирањето и спроведувањето на заштитата од пожари се врши врз основа на Законот за заштита и спасување, Уредбите и правилниците, како и одредбите на овој Правилник.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи содржи мерки и активности од нормативен,организационен, надзорен, технички, образовен, воспитени пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини и објекти преку преземање на превентивни и оперативни мерки и дејствија.

Овој Правилник предвидува неколку мерки за заштита и спасување.

I. Мерки за заштита од пожари и експлозии и постапка и начин на запознавање на работниците при стапување на работа или нивно прераспоредување од едно на друго работно место со опасностите од настанување на пожар;
II. Распоред и времето на испитување на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари;
III. Должности и одговорности на раководните и други работници во врска со заштитата од пожари и експлозии;
IV. Обврски на Театарот кон органите на надзор

I. Мерките за заштита од пожари и експлозии се делат на:

- Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии
- Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии

*ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ*

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии се оние со кои се врши намалување односно отстранување на причините за појава на пожари и експлозии кои се применуваат во секојдневното работење на Театарот.

Тие се однесуваат на:

1. При проектирање и изградба на објекти, како и при поправка, реконструкција или адаптација да се преземат сите потребни мерки за заштита од пожари и експлозии;
2 При изведување работи околу инсталирање на разни уреди и постројки (електро, громобрански инсталации и др.);
3. Одржување на електричната инсталација во Театарот и ракување со електричните топливи осигурачи од страна на овластени стручни лица;
2. Користење на грејните тела (цврсто, течно, гасовито гориво) да се врши исклучиво ако се технички исправни за користење;
3. На крајот на работниот ден да се врши проверка дали грејните тела се исклучени;
4. На местата каде се чуваат запалливи течности или други огнено-опасни материи да има истакнат знак со известување и предупредување, забрана за пушење, за внесување отворен оган, апарати што искрат и друго;
5. Точењето на запалливи течности да го врши стручно лице, согласно со законските прописи кои ја уредуваат оваа материја;

6. Работните простории, ходници, магацини и сали редовно да се чистат, а отпадните крпи да се отстрануваат и депонираат на места одредени за таа цел;
7. Покрај разводните табли на електрична инсталација, евакуациони влезови и излези да не се става лесно запаллив материјал, и да се проодни;
8. Вработените и сите присутни лица строго да се придржуваат до знакот „забрането пушење“;
9. Редовно одржување и сервисирање на ПП апаратите;
10. Пристапот до ПП апаратите да биде уредно одржуван и видно обележан за надлежните лица и ПП возилата;
11. Редовна контрола на хидрантските ормари и хидрантската мрежа со сите уреди;
12. Редовна контрола на стабилноста и функционалноста на уредите за рачно јавување на пожар најмалку еднаш годишно;
13. Информирање на работниците за евентуалната опасност од појава на пожар во текот на работата и нивно оспособување за употреба и користење на апаратите за гаснење пожар;
14. Запознавање на вработените со начинот на евакуација во случај на пожар, утврдување на евакуациони собирни места и евакуациони патишта;

*ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ*

Во функција на заштита и спасување од пожар и експлозии во рамки на оперативните функции се спроведуваат мерки во случај на:

1. Непосредна опасност
2. За време на траење на опасноста
3. Отстранување на последиците

Во случај на непосредна опасност одговорните лица за заштита од пожар и експлозии во Театарот ја подигнуваат подготвеноста за заштита , прибираат податоци за евентуалната опасност, засилен надзор над сценските површини и објектите, магацините, благовремена евакуација на вработените и посетителите, заштита на материјално-техничките средства, возилата и останатите материјални ресурси.

Во случаи кога трае опасноста, вработените ги преземаат следните мерки и опасности:

- ✓ Алармирање и јавување за настанат пожар;
- ✓ Почетно гаснење на настанат пожар (со претходна организациска постапка);
- ✓ Постапка за евакуација на вработените и затекнатите граѓани/посетители на театарската претстава;
- ✓ Давање на прва медицинска помош на повредените;
- ✓ Евакуација на материјално-техничките средства, возилата и сл.
- ✓ Повикување итна помош и други итни служби за настанот:

Во случај кога трае опасноста, вработеното лице кога ќе забележи пожар во работна просторија, магацин или во дворот на Театарот, должен е на најбрз начин да ги извести вработените со вклучување на алармниот систем или со повикот „пожар“.

Доколку пожарот настане вон работно време, на државен празник или неработен ден, лицата за физичко обезбедување на објектот се должни веднаш да ја известат Територијалната противпожарна единица на телефонскиот број 193.

Согласно законот за заштита и спасување, во Театарот за дел од вработените се изведува обука за почетно гаснење на пожар.

Директорот на Театарот назначува лице кое е одговорно за противпожарна заштита и утврдува список од 10 вработени, по име и презиме и должност, кои учествуваат во натамошното гаснење на настанатиот пожар, кој е прилог кон овој Правилник.

Гаснење на настанат пожар е должност на секој вработен во Театарот.

Пред започнување со гаснење, одговорното лице ја исклучува електричната инсталација во целиот објект.

Гаснење на пожарот се изведува со ПП апаратите и хидрантската мрежа.

Работникот има право да го прекине гаснењето ако утврди дека му е загрозен животот.

Доколку настанатиот пожар не може да се локализира со сопствени средства и сили, се бара помош од Територијалната противпожарна единица на телефонскиот број 193.

По пристигнувањето на територијалната противпожарна единица, раководењето и организацијата околу гаснењето на пожарот го презема таа.

Во случај на пожар, одговорното лице за евакуација ја извршува евакуацијата на вработените до собирното место, каде на евентуално повредените лица им се дава прва помош.

Планот на патиштата за евакуација на вработените и затекнатите посетители, како и евакуацијата на возилата и опремата е даден во прилог на овој Правилник.

Исто така, во овој Правилник е дадено и собирното место за евакуација на луѓето.

Евакуацијата на материјално-техничките средства се изведува после завршената евакуација на вработените лица и затекнатите посетители/гледачи на театарски претстави и други.

За отстранување на последиците се формира Комисија за проценка на штетата, санација на оштетените објекти и преземање на здравствени и хигиено-епидемиолошки мерки.

Вработеното лице мора да биде запознато со процесот на работа и должностите, како и заштитните мерки и опасностите при појава на пожар во текот на работниот процес на работното место каде работи.

## II.Распоред и времето на испитување на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари

Сите видови инсталации, уреди и постројки (електро инсталации, громобрански инсталации и др.) треба да бидат изведени квалитетно и редовно да се сервисираат и одржуваат во согласност со Законот за заштита и спасување, стандардот МКСН.Б4.801 за заштита од атмосферски празнења и

одредбите од Правилникот за технички нормативи за електрични инсталации за низок напон.

Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на ПП апаратите подразбира:

- Редовен визуелен преглед;
- Сервисен преглед;
- Контролно испитување

Редовен визуелен преглед на ПП апаратите се врши еднаш месечно од страна на одговорното лице во Театарот при што се утврдува надворешната состојба на апаратот, достапноста до него, општата состојба на апаратот, комплетноста и состојбата на пломбата на апаратот.

Редовните визуелни прегледи се евидентираат во посебна книга.

Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто, во зависност од пожарното оптеретување.

Контрола на хидрантската мрежа со сите уреди и апаратура се извршува еднаш годишно (мерење на притисокот на водата).

Внатрешните и надворешните хидрантски ормари потребно е да бидат опремени со соодветна опрема која редовно ќе се контролира.

На стабилните уреди за рачно јавување на пожар, најмалку еднаш во текот на една календарска година се врши сервисирање и проверка на нивната исправност и функционалност.

**III.Должности и одговорности на раководните и други работници во врска со заштитата од пожари и експлозии**

Во областа на заштитата од пожар директорот ги има следните права и обврски:

- ✓ Се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците од работната комисија во областа на заштитата од пожари;
- ✓ Се грижи за спроведување на законските мерки од областа на заштитата на пожари, мерки од инспекциските органи за заштитата од пожари, а преку одговорните служби и вработените остварува општ надзор над спроведувањето на мерките за заштита од пожари;
- ✓ Се грижи за благовремена набавка, правилно користење и одржување на техничката опрема и средствата потребни за заштита од пожари;
- ✓ Врз основа на состојбата за заштита од пожари предлага на органите на управување мерки кои треба да се преземат
- ✓ Остварува општ надзор над организацијата и работата на заштитата од пожари;
- ✓ Покренува постапка за повреда на работната должност против одговорните лица и вработените кои не ги спроведуваат или не се придржуваат на пропишаните мерки за заштита од пожари;
- ✓ Донесува решение за запирање на работата на работната единица ако постои опасност од настанување на пожар.

Раководителите на отсеците, единиците и службите вршат надзор над спроведувањето на мерките за заштита од пожари во својот домен, определени со пропис од страна на секретарот и превземаат мерки за успешно функционирање на заштитата од пожари односно ги има следните права и обврски за заштита од пожари:

- ✓ Го организира и контролира спроведувањето на мерките и заштитата од пожари со овој Правилник;

- ✓Ги отстранува опасностите од пожар и експлозија без оглед на тоа дали сам ги забележал или е предупреден од друго лице;
- ✓Организира запознавање на вработените со пожарните опасности, мерки за заштита и постапка во случај на пожар;
- ✓Учествува во изработка на Планот за заштита од пожари и предлага мерки кои треба да се преземат во неговиот организационен дел за подобрување на заштитата од пожар;
- ✓Го известува секретарот од потребата за итно преземање на мерки за заштита од пожар, ако не е во можност сам да ги преземе;
- ✓Во случај на настанување на пожар презема мерки за организирано гаснење и наредува запирање на работата до доаѓање на противпожарната единица и евакуација на луѓето и опремата;
- ✓Отстранување од работното место лице кое не се придржува и покрај предупредувањата на пропишаните мерки за заштита од пожари;
- ✓Предлага покренување на постапка за повреда на работна должност против лица кои не се придржуваат и не ги спроведуваат мерките за заштита од пожар;
- ✓Се грижи за организацијата и функционирањето на службата за заштита од пожар во Театарот, организира противпожарна заштита, определува оспособен работник за успешно ракување и одржување на средствата за заштита од пожар;
- ✓Ги проучува потребите и предлага набавка на соодветни средства и вградување на уреди за заштита од пожар.

Работниците во Театарот се должни:

- ✓ На своите работни места и работни простории да бидат запознати со опасностите од пожар и да ги спроведуваат мерките за зштита од

пожари и експлозии пропишани со планот за заштита од пожар, овој правилник и други прописи;

- ✓ Да се грижат за исправноста и употребливоста на уредите, опремата и средствата наменети за гаснење на пожар и приодите до нив секогаш да бидат слободни;
- ✓ Во текот на работата, особено по нејзиното завршување да ги отстранат сите можни предизвикувачи на пожар (да ја исклучат електричната енергија, да ги отстранат на безбедно место запалливите отпадоци);
- ✓ Сите дефекти и оштетувања на средствата за работа, апаратурите, електроуредите, електричната инсталација, разводните системи за течно гориво и гасовите, како и на другите уреди и средства од кои може да биде загрозена пожарната безбедност на објектите и имотот навреме да ги отстранат или пријават на непосредниот раководител или директор;
- ✓ Во случај на настанување на пожар да ги преземат најитните мерки за гаснење на почетни пожари и за него истовремено да ги известат останатите работници и противпожарната единица;
- ✓ На лица вработени во Театарот при гаснење на пожар и отстранување на последиците од пожар за време на нивно отсуствување им припаѓа надоместок на плата во износ како да биле на работа;
- ✓ Заради познавање на опасностите од пожари и запознавање со начинот и средствата за гаснење на пожар задолжителни се да посетуваат курсеви или семинари кои се организираат за таа намена;
- ✓ Сите вработени се должни да се придржуваат на утврдените мерки за заштита од пожари и да ги спроведуваат овие мерки на начин утврден

со овој Правилник, Законот за заштита и спасување и другите акти донесени од раководните лица за давање помош на работниците од службата;

- ✓ За неизвршување или неспроведување на мерките за заштита од пожар се одговара како за потешка повреда на работната должност пропишана со одредбите на Законот за работни односи. Одговорноста за оваа повреда не ја исклучува кривичната и прекршочната одговорност на работниците, во согласност со закон.

**IV.Обврски на Театарот кон органите на надзор**

Одговорните лица во Театарот се должни да ги отстранат недостатоците во дадениот временски рок и да постапат спрема насоките дадени одорганите на надзор.

Одговорните раководители на Театарот, Комисијата за заштита од пожар и вработените лица се должни, покрај одредбите од овој Правилник, да ги спроведуваат и мерките за заштита од пожар кои ќе ги наложи Инспекторатот надлежен за заштита од пожари и експлозии.

Измените на овој План/Правилник се врши на начин и постапка како за негово донесување.

Овој План/Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување на огласната табла во Театарот.

Управен одбор на НУ Народен театар-Битола
Претседател